Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 14-та седница одржана на 04.04.2022 година, во однос на Информацијата бр.03-1199/2 од 01.04.2022 година во врска со Барањето од РА Канал 77, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата донесе Заклучок сите активности во врска со постапувањето по Барањето на ТРД Канал 77 од Штип бр.03-1199/1 од 24.03.2022 година, за евентуални измени на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), да ги одложи до донесување на одлука на Уставниот суд на РС Македонија во врска со поведената Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на овој подзаконски акт.

2. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр.** 02-1524/3

04.04.**2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**